08-1607/1
27-05-2025

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/19) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 18-та седница одржана на ден 21.05.2025 година донесе

## *Одлука*

Постапката по предмет со бр.08- 1993/1 од 19.07.2024 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со бр.08-1993/1 од 19.07.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *Образложение*

Предметот со бр.08- 1993/1 од 19.07.2024 година е оформен по сопствена иницијатива.

Од увидот во својата евиденција утврди дека лицето ---------- по престанокот на функцијата -------------------- не поднел изјава за имотна состојба и интеррси во ДКСК.

ДКСК на --------------- му издаде прекршочен платен налог со бр.08-1993/3 од 01.08.2024 година за сторен прекршок по член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот Закон.

Со оглед на тоа што постапката за порамнување не беше успешна, ДКСК поднесе барања за поведување на прекршочна постапка до Прекршочната комисија на ДКСК.

Прекршочната комисија донесе Решение со бр. 14-2382/4 од 16.12.2024 година, со кое сторителот на прекршокот -------------------- го прогласи за одговорен,по што ДКСК

констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател на**
**Државна комисија за**
**спречување на корупција**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Република Северна Македонија
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Скопје
KOMISIONI SHTETEROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Изготвил: К.Б соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М, Раководител на одделение
Согласен: К.З, Раководител на сектор